Број: 02 - _____
_____ 2016 година
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од CXCIV -та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,

Одржана од 4 до 7 февруари 2016 година согласно член 21 на Деловникот за работата на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија без одржување на состанок

Без одржување на состанок, од 4 до 7 февруари 2016 година членовите на Управниот одбор се изјаснија по следниот предлог:

- *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на формата и содржината на договорите и анексите на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица*

Сите членови на Управниот одбор гласаа „за“ по предлогот, со што согласно член 21 на Деловникот за работата на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Управниот одбор без одржување на состанок донесе

Одлука
за утврдување на формата и содржината на договорите и анексите на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица

со која се утврди формата и содржината на Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита од дијагностичко лабораториска дејност за молекуларна дијагностика.

Составен дел на овој записник се копиите од изјаснувањето на членовите на Управниот одбор:

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Д-р Јосиф Трајковски, претставник на Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Проф. Д-р Елизабета Србиновска Костовска, претставник на Стопанската комора на Македонија - член;*

- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член.*

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска

Согласен, директор:
Д-р Сашо Стефаноски
Орхан Рамадани Orhan Ramadani